# З А П И С Н И К

од единаесетиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации

Единаесетиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од претседателот на Комисијата се одржа на 06.06.2016 година, со почеток во 13:00 часот во просториите на Агенцијата за електронски комуникации.

На состанокот присуствуваа

1. Гордана Клинчарова, претседател;
2. Славе Веловски, член;
3. Петар Есмеров, член;
4. Горан Велинов, член;
5. Дешира Имери, член;
6. Сашо Димитријоски, Директор на Агенцијата за електронски комуникации;
7. Бојана Стефановска, Советник за правни работи- во својство на записничар,

На состанокот се работеше по предложениот дневниот ред:

1. Усвојување на Записникот од десетиот состанок на Комисијата одржан на 11.05.2016 и усвојување на предлог дневниот ред за десетиот состанок за 2016 година на Комисијата на АЕК;

   Записникот од десетиот состанок на Комисијата беше едногласно усвоен, како и дневниот ред.

2. Барање согласност на Предлог Одлука за јавна набавка на услуга за Одржување на Централниот систем за преносливост на броеви;

   Беше дадена согласност за ваков вид на набавка.

3. Усвојување на првиот квартален извештај на АЕК за 2016 година;

   Откако беше разгледан кварталниот извештај од страна на членовите на комисијата и откако Директорот го образложи во детали, членовите на Комисијата напоменаа дека мора да се има во предвид рокот за раздолжување на вработените по остварено службено патување.

4. Разгледување на мислењето од Владата на Република Македонија по однос на Годишниот извештај за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2015 година;

   Откако беше разгледано мислењето од Владата, Комисијата го задолжија Директорот и службите на Агенцијата да ги вметнат забелешките, и заедно со образложението и одговорите да го испратат до Собранието на Република Македонија.

5. Разно
   Под точката разно, Комисијата го задолжи Директорот за побрзо спроведување на заклучот од предходниот состанок.
   Исто така Директорот ги информираше членовите на комисијата дека е закажан јавен состанок за 08.06.2016 кој ќе се оддржи во просториите на Агенцијата а воедно и ги покани да присуствуваат на иститот.
   Членовите на Комисијата ја разгледаа молбата на Директорот за користење на годишен одмор по која сите се сложија и му ја одобрија.

Состанокот заврши на 06.06.2016 во 16:30 часот.

**Гордана Клинчарова, претседател** ___________________

**Славе Веловски, член** ______________________________

**Петар Есмеров, член** _______________________________

**Горан Велинов, член**_______________________________

**Дешира Имери, член**________________________________

Наш број ___________

Скопје _____________